Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-985/7
02.04.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 02.04.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 14 – | 985/7 | | |

# Записник од 25-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 11.03.2021 година | **Време** | 11.00 – 13:00 часот |
| **Бр. на седница** | 25-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Милан Николовски, Зоран Мурџев, Љубен Талев, Сашко Стојчевски (независни експерти), Борис Арсов и Петар Тасев (АЕК), Ана Малцева, Имер Далип, Ариан Ибраими, Лумним Јонузи, Севиме Џемаили (Македонска радиодифузија), Сашо Србаков | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 26.02.2021 година.
2. Усвојување на предлог Извештајот и заклучоците од спроведеното мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите, состојба на крајот на 2020 година.
3. Дискусија по предлог Правилата за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоени национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите.
4. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 25-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот беа претставени гостите на состанокот од Македонска радиодифузија Имер Далипи, Ариан Ибраими, Лумним Јонузи и Севиме Џемаили.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, го претстави предложениот дневен ред за седницата кој беше едногласно усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 24-та седница одржана на 26.02.2021 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, соопшти дека за предлог Извештајот и заклучоците од спроведеното мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите, пристигнаа одредени дополнувања од членови на НКБК и надворешни експерти кои се вградени во последната верзија на документот. Материјалот ќе даде одредени информации неопходни за подготовка на третиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот и спроведување на НОБП (согласно DESI ), кој треба да се усвои до крајот на март 2021 година.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, од своја страна се осврна на заклучоците на извештајот напоменувајќи дека пандемијата придонесе за забрзување на развојот на фиксни брзи и ултрабрзи мрежи. Тој додаде дека операторите ги реализираат најавените инвестиции во согласност со податоците за планирани инвестиции од 2018 година. Ако се задржи трендот на изградба на фиксни брзи мрежи од претходните две години, Дервишов рече дека реално е да се очекува до крајот на 2023 година, да се достигне планираниот број од 87,19%, кои ќе имаат пристап до брзи бродбенд мрежи. Според него, ако се задржи трендот на изградба на фиксни ултрабрзи мрежи од претходните две години, планираниот број од 75,06%, кои до крајот на 2023 година треба да имаат пристап до фиксни ултрабрзи мрежи, би можел да биде достигнат и порано. Сепак, очекувањата се дека трендот за изградба на нови мрежи ќе опадне во моментот кога операторите ќе ги покријат областите во кои има минимален економски интерес за инвестиции. Податоците се добиени со користење на бројките од пописот во 2002 година и како такви може да не ја одразуваат реалната состојба од теренот.

По завршувањето на дискусијата, Буковалов го стави на гласање предлог извештајот.

**Заклучок :** Членовите на НКБК едногласно го усвоија Извештајот и заклучоците од спроведеното мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите, состојба на крајот на 2020 година. Извештајот официјално ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, како и до директорите на Македонска радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, Буковалов отвори дискусија за предлог Правилата за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоени национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите.Членот на НКБК, Зоран Дервишов, го претстави драфт документот за утврдување на збирка на податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, потенцирајќи дека станува збор за комплексен процес во кој треба да бидат вклучени повеќе институции.

Клучна улога во обезбедување на податоците за изработка на Студија на изводливост и проекти за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ) имаат ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации.

Во дискусијата по однос на драфт документот се вклучија и претставници од АЕК, како и независни експерти, покренувајќи го прашањето околу привилегиите за пристапноста на субјектите до податоците. Заради дилемите кои се отворија од аспект на повеќе прашања, дискусијата по однос на оваа точка ќе продолжи на наредна седница на НКБК.

**Во рамките на точката „Разно„ не се отворија теми за дискусија.**

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________